**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дванаесеттото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се Собранието да влезат во салата, да започнеме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во Собранието да влезат во салата за да почнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Нема доволен број)

Ги повикувам пратениците кои сеушт ене влегле во салата да влезат во салата ќе започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Продолжуваме со работа по Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Гоце Марковски, Анита Кипаризовска-Крстевска, Владанка Авировиќ, Фијат Цаноски, Лазар Китановски, Неждет Мустафа, Благородна Цветковска, Славица Грковска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Агим Рамадани, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети и Агрон Буџаку, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 1 - Предлог на закон за високото образование.**

Продолжуваме со претрес по текстот по Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 15, воздржани нема, против гласале 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Овој амандман е со иста содржина како претходните амандмани и амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господинот Оровчанец, повелете.

Се извинувам, господинот Оровчанец бара процедурално, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседател, колеги пратеници,

Денеска по не знам кој пат овде разговараме за Законот за високо образование, меѓутоа, во нашето друштво, во нашето општество, во нашата држава се случуваат исклучително важни, значајни работи за кои е потребна памет, прагматичност. Јас не сакам да кажам дека раководството не е ни паметно ниту прагматично, меѓутоа, не се согласувам со принципот на кој се креира врвната државна политика во кафеански услови.

Зборуваме за прашања кои ги дознаваме од сајтовите на “Катимерини” и не знам кој, а не изворно.

Носители на суверенитетот се овие 120 пратеници овде во оваа сала. Тие се оние кои можат да зборуваат и да носат правилни одлуки за суверенитетот и решенија. Јас инсистирам Собранието, дали ќе биде отворена или затворена седница, ги има на располагање предлозите кои се ставени да расправаме за нив, да расправаме мудро, прагматично, разумно и да дојдеме до решение кое е неопходно за Република Македонија, меѓутоа овде во Собранието.

Затоа ќе повторам, уште еднаш барам итно да се состане ова Собрание со една единствена точка на дневен ред, а тоа е разгледување на предлогот кој е даден околу решавањето на спорот кој го имаме со Грците во поглед на уставното име.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на процедуралната интервенција, кога ќе се комплетираат сите материјали, ќе го разгледаме и тој ваш предлог.

Бидејќи нема пријавени за збор по амандманот, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, за гласале 11, воздржани нема, против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски и амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска се со иста содржина.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, за гласале 56, воздржани нема, против гласале 2 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по двата амандмани, сега ќе ги прочитам уште еднаш.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски и по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** И овој амандман е со иста содржина како и претходните амандмани, Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Сакам да напомнам дека што се однесува до ова прашање, мислам дека заменик министерот греши, дека не се работи за ист амандман. Можеби целта на амандманот можеме да ја поистоветиме како иста, меѓутоа со овој амандман, начинот на кој што е предложен и даден не се отфрла можноста да некој од редот на вработените не мора да биде практично избран за ректор.

Мојот став е, ќе повторам, дека првата реченица на ставот 8 на членот 53 од Законот за високо образование треба да се избрише, што значи да се избрише реченицата "Ректорот не мора да биде од редот на вработените на Универзиетот".

Со бришење на оваа реченица останува само реченицата "Начинот на изборот и разрешување на ректорот се одредува со Статутот на Универзитетот". Со други зборови, дајте ја автономијата на универзитетите, сами да решаваат за потребата дали да биде од универзитетот или може да биде и од другите универзитети или воопшто научен работник со звање редовен професор или научен сорботник со долго искуство, како што е во претходните ставови кажано и, на тој начин, едноставно да немаме колизија на автономијата.

Мислам дека овој предлог не ја опструира оваа можност што Владата сака да ја наметне. Меѓутоа, тоа да се остави во рацете или во функцијата на оние што го креираат статутот, а тоа е Универзитетот и Универзитетот да одлучи дали може според нивниот Статут да биде ректор од редот на вработнените или не мора да биде од редот на вработените.

Мислам дека ова решение функционално, не го опструира Законот, му дава леснотија, не завлегува во автономијата и мислам дека на овој начин можеме да излеземе од оваа криза што неколку денови се води околу ова прашање на избор на ректор на универзитет.

Со други зборови, би ве замолил сите, бидејќи Владата остана на овој став, а мислам дека не разумно останува на истиот став и понатаму, да како пратеници се солидаризираме и ја сфатиме димензијата на атономијата, универзалната димензија на автономијата на универзитетот и ова право, наместо ние овде да го пресечеме да го делегираме и пренесеме самите да го одлучат универзитетите на кој начин, по кои правила ќе биде изборот на ректор и кој има право да биде избран како ректор. Мислам дека е тоа најправилно решение во овој момент и немам што повеќе да додадам, затоа што мислам дека ги исцрпевме аргументите. Меѓутоа, до овој момент не добивме ниту еден аргумент од страна на Владата, што би сугерирало на правилното решение што е понудено со Законот.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има реплики на излагањето на господинот Оровчанец? (Нема)

Тогаш, колку што се сеќавам на дисплејот на ред е господин Герамитчиоски Тале.

Повелете, господине Герамитчиоски, имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Јас ќе бидам многу краток. Не сакам да го узурпирам ниту времето ниту оваа говорница. Ова е друга варијанта на она нешто што го предлагавме со колегата Макрадули во претходниот амандман. Ова е сега за бришење на целата реченица во кој став, во последен момент на Владина седница во Законот е уфрлена реченицата "Ректорот не мора да биде вработен на Универзитетот".

По десети пат го поставувам прашањето и ако не дадете одговор ќе прашуваме и милион пати. Сакаме да добиеме логични одговори и ќе престанеме да зборуваме.

Зошто е вметната оваа реченица? Без оваа реченица постоеше можност да се пријави некој ректор за ректор кој не е вработен на Универзитетот. Законот го дозволуваше ова право. Не беше спорно. Одговорете еднаш зошто е вметната оваа реченица? Само со задна намера. Ништо друго. Не постои друго логично објаснување, бидејќи знам во каков амбиент, од која личност е вметнато ова и со каква намера. И, нема тука пардон.

Можеби ви звучи депласирано тоа што го зборуваме, мрачни - црни сценарија на понатамошно развивање на настаните, но ако имате чиста намера прифатете го овој амандман на колегата Оровчанец во кој што се брише таа реченица и без таа реченица може да донесете не странец, кого сакате да донесете. Но, вака, во закон, само за лечење на некои каприци да се

вметнува во верзијата за што нема логично објаснување, не знам каде ќе не одведе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Владо Бучковски, повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Претседателе, почитуван заменик министре,

Мене не ми е јасно што се исплаши министерот и веќе втор ден не доаѓа во Парламентот. Ја напушти седницата на Парламентот додека јас говорев за некоја итна констатација. И уште се консултира, повеќе од 48 часови, што говори за крајно неодговорниот однос што го има Министерството за образование и наука кон еден исклучително битен закон што треба да ја заокружи реформата што се прави во образованието.

Вашето упорно молчење заменик министер на овие наши упорно поставени прашања, заслучивме да дадете одговор.

Ние се сомневаме дека сето ова се прави со умисла. Кажете што е умислата? Значи, не е проблем, да не ги мешаме сега етничките чувства. Ова не е судир помеѓу, условно речено, делот од опозицијата македонска, со министерот што е од ДПА, апсолутно ДПА и Албанците немаат допирна точка. Ова не е нивна измислица. Ви го кажа сомнежот колегата Игор Ивановски. Еден универзитетски професор кој е член на Владата, за да се пресмета со деканот на Економскиот факултет и со други декани за кои смета дека нема капацитет Универзитетот да бидат сменети, а се успешни менаџери, говориме отворено, значи ако некој фрустриран и не може да дојде на местото прв човек на Економскиот факултет, кој покрај Правниот, Електро факултетот, Медицинскиот е најреномираниот воопшто во нашата држава тогаш посегнува по едно решение што апсолутно за нас значи упад во автономијата.

И, вие сте должни, бидејќи сте претставник на Владата, да ни дадете одговор. Да кажете, ние сметаме дека се заборави дали Бобек Шуклев, дали другиот декан Трајан Гоцевски, дали нашиот декан Гале Галев, дали вашиот можеби декан на Машинскиот факултет, но да кажете логично образложение.

Ние се сомневаме дека, како прво, сакате да направите сериозен упад во автономијата, со тоа што ќе донесете човек кој сака да си ги лечи своите комплекси. Има многу искомплексирани луѓе во оваа наша Македонија. И, сакаат на овој начин, на оние кои имаат храброст да пишуваат по медиумите, јавно да го изразат несогласувањето со политиката на Владата, да го дисциплинираат, затоа што ректорот има исклучително големи ингеренции. И, не може да дозволиме било кој да биде ректор.

Затоа сметам дека елегантното решение што го нуди колешката Валентина Божиновска, колегата Оровчанец и Додовски заслужува внимание барем да ни дадете одговор. Јас, навистина не можам да сфатам што во овој момент значи молчењето. Молчењето е одобрување, според вашата нова филозофија.

Ајде, и овде да направиме гилотина. Кој ќе биде на гилотина, вие или министерот? Ајде да пресечеме еднаш и да кажеме дека заради тоа што молчите, всушност одобрувате ова што ние се сомневаме дека се случува, а тоа е сериозно сценарио за нарушување на автономијата на универзитетите, а всушност целта е да се направи партизација на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

Ние, упорно, во изминатиов период се обидовме да воспоставиме коректни релации со вас и вашиот министер. Како опозиција да понудиме подобрување на законските решенија. И гледате дека се сконцентриравме на не повеќе од три точки во законот. Не можам да сфатам каде во води оваа тврдоглавост. И, каде ова упорно молчење ќе ја доведе академската заедница во нашава држава? Бидејќи вашата предност е, почитуван заменик министер, што сте дел од универзитетската заедница. Утре ќе се вратите таму. Дали ќе бидат предвремени изборите, знаете дека ќе си се вратите на Универзитетот. Што тогаш ќе направите?

Очигледно е дека целата оваа фама што ја создадовте околу овој член има, според наше мислење, сериозна консрукциј во партиските кујни на ВМРО ДПМНЕ. Јас сум убеден дека прифаќањето на овој амандман на колегите, што е исто онаков како што претходно нудеа и колегите Геамитчиоски и Макрадули, треба реално да го истестира ова наше, условно речено, лоби што го имаме во овој Парламент.

Да не читам повторно, очекувам и навистина е непријатно да имаме 18 универзитетски наставници и соработници овде во салата, а за вакви клучни одредби на законот, што ја штитат автономијата да гласаме по 11 - 12.

Верувам, следи по мојот говор и колегата Спасеноски, некој ќе собере храброст и од власта да се спротивстави на ваквото решение. Затоа што колегата Оровчанец е во право. Што тоа се случи од 92-та седница до денеска? Во оној текст што ни го дадовте на 92-та седница го немавте ова небулозно решение. Кој беше тој што го смисли? Тоа ве прашуваме. И, кажете ни, јас би рекол, ако сакате условно речено, да помогнете на нашите колеги од албанската заедница кои, објективно, правевме рекапитулар, немаат доволно кадри, можеби ќе посакаат некого од страна да донесат, на нивните високо образовни институции немате право да правите такви експерименти за највисоката образовна институција во нашата држава, а тоа е Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

Затоа што сте свесни дека направивте огромна штета и на Битолскиот универзитет со партизацијата, а да не говориме за дискредитацијата што ја направивте на Штипскиот унвиерзитет. Една благородна идеја што започна на времето на Положани и Герамитчиоски, една друг влада, каде што беа создадени основите,

каде што имаше пет матични факултети, колку се неопходни да се создаде сојузот и да се формира Универзитет, вие ја вулгаризиравте на тој начин што со класично партиско решение покажавте дека било кој може да биде ректор.

Ние отворено се сомневаме дека тоа го подготвувате и за другите универзитети. Не говорам само за Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Заслужуваме да ни одговорите. Додека не ни одговорите ние пак ќе го свртиме редот. Јас сум подготвен уште пет пати да ве прашам додека не соберете храброст или не го викнете министерот.

Значи, ја потврдувате нашата теза дека Владата, де факто функционира како техничка влада. Па заменици министри ништо, според нашиот Устав и Законот за органите на управата не вршат освен да ги заменуваат министрите. Ама, ако ви дале овластување да прифаќање амандмани, седете тука. Ако не, колега Лазарев, подобро е да ја напуштите салата.

**Љубиша Георгиевски:** Ценејќи ја вашата дискусија комплетно, господине Бучковски, заради исправно информирање на граѓаните треба да кажам дека заменикот министер, по закон, е исто така рамноправен член на Владата, дека заменикот министер кога присуствува во овој Парламент по Деловник исто така е сосема во ред, дека заменикот министер посебно кога се работи за господинот Лазаров во овој случај е и експерт во областа и дека е сериозна повреда на дигнитетот на господниот заменик министер ако се каже дека некој сака да го понижи Собранието со неговото присуство овде. Напротив јас го поздравувам неговото присуство овде и сметам дека е се во најдобар ред во процедурална и законска смисла. Затоа да продолжиме сега со дискусијата.

Има ли реплики?

**Владо Бучковски:** Јас имам реплика на вашиот говор.

**Љубиша Георгиевски:** Не, моето не е излагање, само е порцедурално објаснување.

(Реакција на пратеникот Бучковски)

Имам право и повелете реплицирајте и пет пати ако сакате, но ова ќе го кажам стои.

**Владо Бучковски:** Господине претседателе, реплицирам на вашата теза.

Вас ве стави во списокот на овие 18-мина кои треба да бидат лоби-група која треба да се бори за автономијата на Универзитетот. Јас не спорам туку упорно го убедувам заменик министерот да се охрабри и спротивно на неговиот министер кој е во оставка да го прифати амандманот што еднаш го стори. Значи, не е кај мене спорот, капацитетот на заменик министерот кој е, условно речено во Владата по ученоста, после Славески е број 2. Но, за жал, нема овде таква слобода. Јас барам од него да да го прифати амандманот и да ја прекине оваа агонија затоа што немате ниту еден аргумент против вашите изложени становишта дека за сето ова се крие некое партиско сценарио. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека имплицитно доволно јасно тоа го кажа господинот Бучковски и тука да застанеме, да не правиме од тоа инцидент, се е в ред. Добро, неговата реплика не наведе некој погрешно изнесен факт од мене, но и тоа го разбирам, тоа е нормална работа, не треба од тоа да правиме баук.

Ви благодарам господине Бучковски на репликата.

Има ли понатаму реплики на излагањето на господинот Герамитчиоски што беше.

Значи, за тоа нема реплики.

Во тој случај збор има господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе,

Далеку од тоа дека некој ме навредил. Јас ги почитувам дискусијата и мислењата на сите пратеници, до сега барем тоа сум го покажал на дело.

Прво, околу прашањето за министерот, министерот е тука и тој ќе дојде. Вие убаво кажавте, затоа сме министер и заменик да се заменуваме тука. Почитуван пратениче Бучковски јас вчера дадов објаснување на ова прашање, но вие не бевте тука да го слушнете. Така што еве ако сакате сега можам дел од таа вчерашна дискусија да ја повторам.

Прво, процедурата и нашето присуство овде, законите многу добро знаете, ги предлага Владата. Оној текст кој што Владата ќе го утврди на последната седница и го потпише премиерот, тој е валиден и тој претставува официјален став на Владата. Ни работна група, ни министер веќе нема право да истапува надвор од тој заклучок на Владата. Ние значи овде сме претставници и имаме ставови на Владата и за амандманите ако сакате.

Вчера кажав дека и со досегашниот закон не беше забрането за ректор од надвор, значи ректор од друг Универзитет, но од Македонија не од странство. Ние и досега имавме позитивен пример баш од факултетот на кој што е почитуваниот професор Бучковски, професор Габер како професор на Скопскиот универзитет беше ректор на Битолскиот универзитет. Ова решение постои во другите држави и тоа е сосема нормална работа да може сите редовни професори да конкурират за ректор во својата држава и на друг универзитет. Ништо лошо нема.

Автономијата, навистина многу водевме сметка автономијата да биде загарантирана. Автономијата е загарантирана и столбот на автономијата Сенатот. Во Сенатот нема претставници од власта, од Собранието, од надвор условно речено. Во Сенатот членуваат само професори и научни работници од институтите и студентите и тие одлучуваат за сите прашања, вклучувајќи го и ректорот и изборот на ректорот. Кога тие ќе сметаат да го изберат тоа е нивно право, никој потоа не

потврдува, ни одречува ни може да им го поништи тој избор. Тука е одлуката конечна. А во соработката со пратениците мислам дека ние прифативме многу клучни амандмани и тоа точно од опозицијата, баш кога се работеше за работното време на ректорот и за изборот на нови универзитети односно изборот на Матичната комисија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине министре.

Кој се јавува за реплики?

За реплики се јавуваат господин Герамитчиоски, господин Бучковски, господин Ивановски, господин Макрадули, четири реплики. Одиме по тој ред.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** По десети пат ќе повторам, професорот Габер беше професор на Битолскиот правен факултет кој што во основање на Битолскиот универзитет стана основен стожер. Значи не може да се смета дека бил друг универзитет. И не е тоа воопшто квалификуван пример.

Второ, почитуван заменик министер, одговорете едноставно на прашањето, а не да ја кажувате процедурата за избор на ректор. Еве имате правен советник, од правен аспект кажете зошто е вметната реченицата "и досега законот дозволуваше да може да се бира ректор кој што не е вработен на Универзитетот". Зошто на владина седница е вметната оваа реченица. Од правен аспект кажете. Еве има професори од Правен факултет, баш ме интересира колегата Спасеноски што ќе каже, тој е правник. Значи зошто е вметната реченицата кога само по себе се подразбира дека тоа право не е скратено во законот. Ништо не бараме повеќе и ќе ја скратиме дискусијата. Одговорете на ова прашање. Ама не можете да одговорите бидејќи има задна намера.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика.

Господинот Лазаров, повелете.

**Јован Лазарев:** Одговорот е дека таа линеа не е императивна, туку таа е дадена како можност. Сенатот е тој кој што одлучува каков ќе биде изборот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Господине Бучковски повелете со вашата реплика, три минути.

**Владо Бучковски:** Почитуван заменик министре, прво треба да имате доверба дека ова што го правиме го правиме и за ваше добро. И за да градиме доверба треба да бидеме искрени и чесни. Значи, вашиот шеф, министерот, нема да дојде затоа што бил болен. Тоа е објаснување кои разумни луѓе го прифаќаат. Не сме мали деца да не лажете дека само што не дошол. Тоа е едно.

Второ, вие давате предлог на Владата и вие дадовте предлог што дојде овде на 92-та седница. Министерството за образование каде што сте вие во секој поглед како заменик заедно со вашиот министер, многу поупатен во проблематиката, добивте тогаш параф од премиерот и на 92-та седница го имаме решението каде што ја нема оваа небулоза. Чесно е да кажете, не вчера, јас немам намера овде секој ден да повторувам, рековме до петок ќе се расправаме со вас, ги штедиме силите има и други работи во држава. Забега државава. Не може да ве исконтролираме. Ни ги замачкувате очите овде со Законот за високо образование, купувате време, а не се соочуваме со капацитетот на Владата. Техничка влада сте, точно, сега вие имате капацитет, еве најде изговор министерот е болен и во оставка е и затоа треба да го повлечете законот. И да седнеме уште еднаш. Можевте еднаш да го повлечете, повлечете го уште еднаш и ќе ја добиете подршката од сите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Понатаму, реплика има господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Господине заменик министер, вие можете и десет пати да го повторите образложението што го верглата три четири дена, но нема да дојдеме до одговорот на нашите прашања. Еве, многу попрости прашања.

Дали господине министре, во првата верзија која што ја дадовте, па ја повлековте ова решение постоеше? Одговорете на ова прашање, бидејќи инсистиравте да се расправа за Закон за високо образование, па го повлековте, па дадовте нова верзија. Моето конкретно прашање е дали во првата верзија постоеше оваа реченица?

Број два, дали и во оваа верзија што излезе со архивскиот број од вашето Министерство за образование до Генаралниот секретаријат на Владата, а потоа и седница на Влада, постоеше ова решение. И на двете прашања одговорот е не. Во првиот закон не го предвидовте, во вториот не го предвидовте, дојдовте на седница на Влада, се јави министерот за финансии Трајко Славески и инсистираше по долга расправа да ова решение биде вметнато и легитимно можеме да разговараме за мотивите. Вие интимно не верувате, како што и министерот не верува во ова решение, а неколку дена го браните. Ние го напаѓаме и ќе бараме корекција на ова решение уште неколку дена, иако вие велите дека не постоело и досега забрана да има ректор надвор од постоечката институција. Зошто сега го ставате. Нелогично е.

Второ, можете ли вие господине Јован Лазарев одеднаш да бидете ректор на Европскиот универзитет? Еве сега вие излезете од Машински факултет и отидете на Европскиот универзитет или на некој друг приватен, се едно. Ќе ве прифатат?

Имало и до сега ситуации професори кои ги напуштале матичните високообразовни институции да се вработат во приватните или на некои други и од таа позиција да станат ректори и тоа е сосема легитимно, вие веќе нема да бидете

вработен во вашата високообразовна институција, ќе имате решение за работен однос на друга и од позиција на тоа решение вие можете да бидете предлаган и избиран за ректор. Такви ситуации имавме во моментот на формирање на приватните факултети, или пак за некои нови, како што е еден од претставниците на академската фамилија Митреви, овој академикот Жан, а овој ректорот Сашо Митрев.

Ве молам, немојте да браните нешто во што лично не верувате, освен ако и вие излезете на оваа говорница и речете, јас како Јован Лазарев директно сум убеден дека тоа што го предлагаме апсолутно е точно, бидејќи во спротивно самите се издавате себе си. Два пати сте предлагале решение како Министерство, а вие како задолжен каде тоа решение го нема и сега одеднаш го има.

Јас навистина ќе барам процедурално, господине претседателе, да го поканиме господинот Трајко Славески министер за финансии, бидејќи тој е бабицата на тоа решение и да го прашаме да ни ги каже мотивите. Можеби ќе го прашаме и за инфлацијата, бидејќи го нема никаде да се појави.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Макрадули имате реплика?

**Јани Макрадули:** Ќе се јавам за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Ивановски вие си останувате и за збор да се јавите, колку што гледам. Добро.

Сега збор има господинот Александар Спасеноски, повелете.

**Александар Спасеноски:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер за образование, колеги пратеници.

Во период кога Македонија се соочува со искушенија кои произлегуваат од новата геополитичка слика на Балканот, кога во пресрет на поканата за членство во НАТО пред државата се надвисна безмислениот проблем околу уставното име Македонија, во период кога настојувајќи да ги реализираме нашите европски обврски, веќе трета недела тонеме во меѓупартиски пресметки во Собранието, да се изразам со фудбалски речник, се чини дека најважната споредна работа во нашата држава, без друго, е законот за високо образование.

Почитувани колеги, изминува трета недела од почетокот на оваа расправа, изминува 20-тиот ден, а на повидок ни од далеку не е донесувањето на законот кој резултат на преземените обврски на Република Македонија за апроксимација односно за усогласување на сопственото законодавство со законодавството на Европската унија.

Во нашиот случај кога станува збор за високото образование, Македонија нужно се усогласува со сосема јасни документи и препораки усвојувани низ годините од страна на институции на Европската унија, министри за образование на државите членки на Европската унија, претставници на универзитетите итн. Овој конгломерат од документи, ставови и декларации е познат под името Болоњски процес и оттука верувам дека на сите се повеќе или помалку јасно, меѓутоа проблемот се јавува во интерпретацијата. Во конкретна смисла, ваквиот мал застој се јавува кога ќе започнеме да ги толкуваме одредбите од Болоњскиот процес, кога реформите ги гледаме преку партиски односно политички визури, кога наместо како личности од универзитети да говориме како партиски портпароли и конечно кога наместо како пратеници или како луѓе од образованието, на ова прашање му приоѓаме низ призма на нашите партиски и светогледи интереси кои се многу потесни од општите интереси на граѓаните.

Почитувни колеги, во случајот со спорниот член 53, како ненадминлив проблем се настојува да се наметне одредбата, повторувам како ненадминлив проблем, која е применувана пракса во универзитетите од Шветска до Грција и од Португалија до Полска. Имено се вели дека даденото право, освен професорите ангажирани на еден универзитет и друг лица надвор од него, кои ги исполнуваат критериумите, да се кандидираат, а не да бидат избирани, значи да се кандидираат за ректори, наводно е вовед во негирање на автономијата на Универзитетот. Во таа смисла со право се поставува контра прашањето, дали универзитетите во државите членки на Европската унија се неавтономни, дали немањето ваква можност во постојниот Закон за високо образование придонесе нашите универзитети досега квалитативно да се издигнат наспроти европските. Конечно дали Македонија има некоја толку значајна специфика која треба да биде повод да ја примениме Болоњската декларација и во најширока смисла сватениот Болоњски процес, со исклучок на одредбите околу изборот на ректор. Во сите три случаи сметам дека одговорот е негативен. Имено, доколку се избрише последниот став од членот 53, како што се предлага, формално правно анализирано, повторно ќе ја имаме истата правна ситуација. Имено, не предвидувањето можност да се кандидираат лица за ректори надвор од универзитетите, не значи конкретна забрана за нивно кандидирање. Од друга страна пак, наспроти оваа правна реалност се поставува прашањето зошто, ако е тоа така, толку дебатираме за овој закон. Во оваа насока исто така кога се залагаме правото за кандидирање за позицијата ректор да им ја оставиме само на професорите од универзитетите, а не и на надворешни лица кои ги исполнуваат предвидените критериуми, под изговор дека ќе се партизирало образованието, треба да дадеме одговор на прашањето зошто тогаш законодавецот предвидел во основното и средното образование директорите на училиштата да бидат надвор од наставниот односно од професорскиот кадар.

Почитувани колеги, толку цврстото настојување да се видоизмени европската пракса, со текот на времето може да предизвика и обратни сомневања. Имено, доколку се продолжи со

наметнување на истите полутези за наводно нарушување на автономијата односно партизацијата на универзитетите, се поставува прашањето дали можеби некој има интерес да го одржи партизираното статус скво, дали можеби Фројдовски се откриваме дека нашата цел не е отворање на интелектуалните прозори на универзитетите за влез на свеж академски воздух, туку обид да се задржи таа затвореност. Конечно, дали создавајќи го стравот за дерогирање на системот на високото образование, всушност ние не правиме се да ја спречиме неговата европска реформа.

Почитувани колеги независно од сите претходни искажани тврдења, мислам дека е време да прекинеме со овој тип на непродуктивни расправи. Аргументите се повторуваат и тие се соема јасни, бидејќи евентуалното продолжување на расправата, сметам дека ќе предизвика штета врз системот на високото образование на Република Македонија. Имено, ако на малите екрани по неколку часа дневно се прикажуваа политичко-образовни авторитети кои велат дека образованието е паритизирано, замислете какви аргументи им даваме на идните студенти и на нивните родители околу природната дилема која тие ја имаат, дали да го продолжат образованието на своите деца во Македонија или во странство. Знам дека тука некој ќе извади на површина стари стравувања кои се повторуваат овие денови со што расправате повторно ќе ја вратиме на почетокот, дебатирајќи, да се изразам фигуративно, дали е постаро јајцето или кокошката?

Понатаму, да ги замислиме ефектите врз системот на високото образование, до колку на малите екрани по неколку часа дневно се прикажуваат политички образовни авторитети кои ги убедуваат граѓаните дека Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип, наводно бил ВМРО-вски, Универзитетот "Св. "Кирил и Методј" навнодно бил СДСМ-овски, Универзитетот "Св. Климент Охридски" бил на НСДП, Државниот универзитет во Тетово на ДПА или Штуловиот наводно бил на ДУИ.

Се прашувам, колку само убедени социјал демократи одвраќаме да студираат во Штип, односно колку албански родители од Скопје ги одвраќаме своите деца да ги праќаат во Тетово, а не во родниот град каде имаат Универзитет со една полувековна традиција. Истото се однесува и за Македонците од Тетово или за оние од Битола кои заради стереотипите кои ние им ги создаваме им всадуваме верувања дека на факултетите нема ниту наука, ниту образование, туку политик аи меѓупартиски пресметки.

Конечно да замислиме какви ќе бидат ефектите врз македонскиот систем на високо образование ако на малите екрани по...

(Реакција на некои од пратениците дека пратеникот не се држи на темата).

По амандманот е, точно.

По неколку саати дневно ќе покажуваат политички авторитети кои не убедуваат дека универзитетите ни се полиња на партиски натпревар.

Почитувани колеги со последниот став на членот 53 ниту ќе се наруши автономијата на Универзитетот, ниту истиот ќе се партизира. Во таа смисла со Законот за високото образование ниту ќе се уназади македонското високо образование ниту пак ќе се дерогира македоснкиот образовен систем. Напротив, сметам дека со овој закон одиме чекор напред создавајки основи за квлаитетно европско универзитетско образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика за јавија господинот Владо Бучковски, Ѓорѓи Оровчанец и госпоѓа Бендевска. По тој ред одиме.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Најпрво имам сериозна забелешка на вас претседателе затоа што не реагиравте кога колегата излезе вон темата. За споредба на двапати на истава седница е одземен зборот на господинот Борис Кондарко кога според мислењето на вашиот заменик претседател тоа го прави. Но, јас ќе се вратам затоа што сакам со колегата да полемизирам, го сметам дека е дел од младите конзервативни сили во оваа наша држава кој треба да свати каде живее.

Манипулирате со вашата евиденција, затоа што иако сте учен млад човек заборавате дека на Запад оние кои се први луѓе на универзитетите менаџираат успешно да работат, доходовно, финансиски и т.н., а не да се мешаат во кадровската политика. Вие овде ќе дадете на човек кој не е на Универзитетот граден, кој не градел кариера како вие што ве примивме вчера на Правниот факултет, ќе треба многу леб да јадете на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"да станете редовен професор за разликаод некои други ваши колеги кои преку ноќ ќе дојдат со две титули професор, професор, па ќе сакаат вас и мене да ни бидат шефови и да одлучуваат за нашата кариера на Факултетот. Ќе имаат право да не суспендираат. Друго е ако влегуваме во вашата варијанта да речете да ако бараме успешни менаџери. Тогаш не ставајте дека бараме со титула. Значи, во Македонија ќе ви го дадеме списокот додека заврши расправата, има 20 луѓе со спорни титули професори кои претендираат да дојдат да бидат твој, мој шеф, на Ѓорѓи, на Валентина, на Весна и на сите други, и на овој овде професор. Значи, не правете паралели од Ислам до Португалија или од Грција до Норвешка. Апсолутно манипулирате. Тоа е за жал кодот и на ова ново ВМРО-ДПМНЕ кој кога е соочен со аргументи наместо да признае вие да се приклоните на другите 15, 16, колку што сме академци во оваа сала и да речете ова не бива вие ни продавате приказни како било основно и средно образование. Апсолутно не може да се прави споредба меѓу основно и средно образование и високо образование. Таа не е

академска средина. За академска средина, по дефиниција академската заедница ја сочинуваат нашите студенти, соработниците и наставниците на Универзитетот. Ние говориме за нив дека не сакаат било кој, кој има завршено знам средно образование и во поранешниот систем немал образование преку ноќ доаѓа и станува доктор на науки. Тоа го нема никаде освен во Република Македонија. За тоа се бориме ние на оваа долга седница. Благодара,

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Спасеновски вашата контра реплика, повелете.

**Александар Спасеновски:** Ви благодарам професоре Бучковски за репликата, меѓутоа во основа мислам дека ние двајцата не се разбравме во однос на мојата дискусија и вашата реплика бидејќи во основа сите зборуваме исто. Јас говорам дека фактот дали постои спорната одредба или не постои спорната одредба со ништо не ја менува суштината на законот бидејки до колку не постои спорната одредба никој на никого не му забранува повторно надворешно лице да се кандидира за ректор на Универзитетот. Во таа смисла зборуваме  дека постојаното дискутирање и влечење на површина аргументи за партизација и наводно укинување на автономијата на универзитетите ние ги дерогираме самите универзитети во кои што работиме, за кои толку многу се залагаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Оровчанец, вашите три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Со многу работи ќе се сложам со младиот колега зошто продолжуваме со дебата три недели, а најверојатно затоа што не се сложувам еоколу решението. Да беше 92-та седница и да беше овој закон јас мислам дека за еден ден ќе поминеше законот. А зошто дебата? Затоа што дебата е мајка на вистината. Преку дебата треба да стигнеме до она што е реална вистина или права перцепција за вистината. Вие се обидовте преку еден академски говор, што е слаткоречив, фин, правилен, со исправни ставови да одбраните еден став, меѓутоа сепак нема да се сложам со вас, затоа што кога се прашувате што е македонска специфика во однос на она што е сега Европска унија јас ќе ви одговорам што е специфика. Владеењето на оваа Влада во принцип на класична партизација и тоа од најлоши, не партизација во смисол на прави кадри на право место, па биле нивни членови, туку на партиска елитистичка партизација. Токму поради тоа е ова прашање. Ова е она што наметнува сомнение дека ќе дојдеме во ситуација од еден универзитет кој што е академска средина, извор на слободната мисла, кој мора да биде автономен ние направивме Јавно обвинителство по принцип на хиерархија и можеме Шврговски да го ставиме дури и за директор, затоа што човекот за тоа ќе има најголемо искуство, за да се спроведе принципот на субординација и хиерархија која функционира во други дисциплини како што е Јавното обвинителство.

Зошто е сомневањето драги коелга. Затоа што во сите сегменти, во Акредитационата комисија, затоа што во сите сегменти, во поткупливоста на ова друштво на сенаторите, некој за 5, некој за 10 евра можете да дојдете во ситуација да поставите ректор кој не е адекватен, кој не е адекватен а после тоа процесот по принципот на субординација продолжува до најнискиот сегмент, до вработените хигиеничари на факултетите при овој Универзитет.

И уште една работа ќе ви напоменам. Болоњскиот процес за кој зборувавте е процес за наставата, а не е процес за организацијата. Ние ккао друштво треба да спречиме можности од манипулација затоа што сепак сме транзиционо друштво на кое му е потребна барикада на овој план.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли контра реплика господине Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Почитуван професоре Оровчанец.

Накратко би сакал да ги елаборирам вашите тези, да одговорам со моите контра тези. Јас ќе ве прашам дури овие констатации за кои зборувате да се вистинити. Дури да се плашите дека ќе се случи партизација на високото образование. Со или без тој став до колку некој има намера да изврши партизација на високото образование ќе ја направи таа партизација и овие  законски решенија него му се доволни. Тоа е првиот одговор.

Вториот одговор, јас ви поставувамконтра прашање и на моите коелги, на професорот Бучковски, на вас и на другите колеги кои што работат во високо образовни институции. Зарем мислите, даречеме колегите од Правниот факултет каде што има еден премиер а неколкумина министри, едно чудо пратеници се толку слаби да оддолеат до колку некој има намера да го партизира високото образование. Тие нема ли да реагираат? Јавноста нема ли да ги пдоржи?

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Весна Бендевска има реплика, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Па самиот факт дека колегата Спасеновски го одбра нападот како одбрана доволно говори за недостаток на факти за да ја одбрани дебатата. Јас ќе говорам за факти. Ќе говорам за одговорено пратеничко прашање, потпишано од актуелниот министер иако во оставка, господинот Рушити зошто стои нашата теза дека Штипскиот универзитет е буквално едно од ветувањата на ВМРО-ДПМНЕ , во програмата и факт дека во овој момент е експозитура на ВМРО-ДПМНЕ , да не речам новиот Кумровец. Зошто? Затоа што во Матичната комисија за формирање на Штипскиот универзитет беше вице премиерот Зоран

Ставрески и затоа што со самиот избор на ректор, братот на истакнатиот партиски член д-р. Жан Митрев, Сашо Митрев не ви остава простор господине Спасеновски да говорите во овој момент дека Државнио туниверзитет во Штип не е партизиран до навистина огромни размери.

Во одговорот на господинот Рушити стои дека во овој момент запишани се 2500 студенти во оваа учебна година и 220 вработени лица за 2500 студенти, наспроти, за споредба 5000 студенти на Битолскиот Државен универзитет за кого работат 250 професори. Ако тоа не е протежирање на ВМРО-ДПМНЕ , класичен упад во автономијата на универзитетите која впрочем и сте ја предвиделе како мртво слово, како дел од овој закон што во овој момент и го расправаме.

Ова се факти од кои вие не можете да избегате ниту преку ваш академски говор, ниту преку бранење со напад дека ние опозиционерите се бориме да сме зачувале некој минати поставени вакви решенија. Не е точно. Точно е дека партизацијата на сите општествени нивоа е продукт, измислица и за жал реализација на Владата на ВМРО-ДПМНЕ предводена од господинот Никола Груевски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Спасеновски со вашата контра реплика една минута.

**Александар Спасеновски:** Благодарам претседателе и благодарам госпоѓо Бендевска за вашата реплика, меѓутоа повторно остануваме на истите позиции.

Суштината на мојот говор беше дека ако некој има намера да изврши партизација врз кој и да е универзитет во државата доволен му е и постојниот Закон за високото образование. Фактот во однос на Штипскиот универзитет дека има толку голем број на запишани студенти е всушност во одредена мера и потврда за начинот на кој се извршува тој образовен процес и за потребата што ја имаат граѓаните во тој дел на државата.

Во однос на паушалните обвинувања за партизација вие правите штета и врз вашето членство во Штип и во Источниот дел на Македонија бидејки потенцијално ги одвраќате да студираат таму убедувајки дека нема квалитетно образование туку дека има партизирано високо образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани коелги пратеници, апсолутно не мислам дека ќе успеам токму јас да ве убедам да гласате за овој амандман, затоа што ако цели два дена се дебатираше и почитуваните колеги...

(Во салата има меѓусебно зборување на пратениците и претседателот ги опоменува со ѕвончето).

Благодарам.

Најмалку мислам дека ќе бидам токму јас таа која што ќе успеам да ги убедам колегите од парламентарното мнозинство да го прифатат овој амандман и да го изгласаат, затоа што веќе неколку дена се води дебата по овој амандман и од оваа говорница излегоа скоро сите универзитетски професори и сите оние кои што имаат билокаква допирна точка со високото образование. Дебатираа со аргументи. Тука говореше и еден поранешен премиер, сегашен професор на Универзитет,говореше и заменикот министер за образование од минатата Влада, меѓутоа гледам дека навистина пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не затоа што и тие самите не се убедени дека ова е лошо решение, туку напротив имаат партиска задача да не гласаат за овој амандман и најверојатно нема да го прифатат, како што не ги прифатија претходните амандмани.

Јас би сакала накратко да дадам подршка на амандманот и да кажам дека од неколкуте варијанти на овој член и ставот 8 кој што ги имавме поднесено пратениците од различни пратенички групи, според мене ова е едно од најдобрите решенија. Значи, имавме решение да се брише целиот став 8, потоа од колегата Јани Макрадули и Тале Герамитчиоски имаше прдлог да биде императив дека мора да биде од редот на вработентие на Универзитетот и сега од колегата Ѓорѓи Оровчанец, Валентина Божиновска имаме амандмани кои што велат да остане од овој став само втората реченица со тоа што останува начинот на избор и разрешување на ректорот поблиску да се уредува со статутот на Универзитетот. Според мене тоа е доволно и ги задоволува сите критериуми за да можеме овој закон за високо образование да го усвоиме и конечно да се пушти, да видиме како ќе биде неговата имплементација, иако, да бидам искрена со сите овие недостатоци некои од нив си завршија работа, станаа составен дел од Законот вклучувајќи го и ова и мислам дека навистина многу тешко ќе биде да се имплементира овој закон дотолку повеќе што ја нарушува автономијата на Универзитетот, категорија која што е гарантирана и со Уставот.

Меѓутоа, јас овде нема да говорам повторно за партизацијата на високото образование. Навистина беа искажани многу аргументи, многу вистини, нема да говорам што значи вака вметнатиот дополнителен став, бидејќи го немаше кога го гледавме Законот во прва фаза,нема да говорам и за тенденцијата која што во овој момент може да биде само на ниво на претпоставка зошто токму овој став го имаме и на таа тема доста се говореше, но ќе кажам дека навистина доколку се сака барем малку да ја зачуваме автономијата на Универзитетот, колегите од парламентарното мнозинство, барем оние кои што се тука, значи исклучиво од ВМРО-ДПМНЕ да се согласат и да го прифатат овој амандман, затоа што очигледно дека ниту минситерот, ниту заменикот министер со било какви аргументи изнесени не само од страна на партиите кои што се во опозиција, туку и од

претставници на партии кои што ја поддржуваат Владата не е доволен за да може да го промени нивниот став и да гоприфатат она што овде им се сугерира да продолжиме понатаму.

Јас се соглсувам со колегата Александар Спасеноски кој што говореше дека ние во овој момент, значи, кој што е многу клучен, се согласувам за Република Македонија, веќе со денови дебатираме на една тема. Оваа тема е исто така многу суштинска и значајна. И само да потсетам, опозицијата беше таа која што побара да имаме една затворена седница на која што ќе ги отвориме сите овие прашања за Македонија, не за високото образование, да не бидам погрешно разбрана, за Македонија за во моментот многу суптилен во кој што се наоѓа нашата земја и целокупното нејзино опкружување. Меѓутоа, и покрај барањето и инсистирањето на пратениците од опозиционите партии, пратениците од мнозинстсвото не сакаат да ја отвориме таа тема. Всушност и за тоа сме овде почитувани колеги пратеници. Кога земјата ни се наоѓа во вакви моменти, кога навистина и народот е збунет, не знае што се случува во нашата земја околу предлогот со името, кога го имаме опкружувањето во соседството што ни се случува, исто така и народот не знае точно што се случува. Мислам дека нема потреба да има стравувања од било кој вид. Но, зошто да не дебатираме и да ги разгледаме тие прашања и да говориме.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, госпоѓо Роза, зборувајте за амандманот.

**Роза Топузова Каревска:** И колегата Александаср говореше за ова, затоа и јас го вметнав. Значи, да ги отвориме овие прашања и да разговараме нешто што во овој момент е приоритет за нашата земја. Јас се сложувам дека во тој случај ќе треба да ја прекинеме дебатата за Законот за високо образование. Се враќам на амандманот, а уште полесно ќе беше доколку министерот и заменикот министер имаат слух за сето ова искажано од колегите пратеници, како што реков претставници, проффесори, вработени во универзитетите кои што најдобро ја познаваат оваа проблематика и кои што со часови, со аргументи се убедуваат да го разубедат парламентрното мнозинство, односно пратениците од ВМРО ДПМНЕ, затоа што сите други имаат одредена дилема во однос на овој став од членот 53. Уште еднаш сосема на крајот, мислам дека е најдобро можеби пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да направи една координација и да го прифатат овој амандман, доколку излезат со тоа дека се дава поддршка, секоја понатамошна дебата е безпредметна. Но, се додека тоа го нема од нивна страна, пратениците од опозицијата имаат право со аргументи да го бранат овој став, а со тоа и да ја бранат автономијата на универзитетот и Уставот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се обидам уште еднаш да ги повторам можеби аргументите прво, изразувајќи поддршка на амандманот на пратениците Оровчанец, Додовски и Божиновска. Ме радува што конечно после 18 месеци имаме една дискусија од пратеник од ВМРО ДПМНЕ за кое што можеме да дебатираме и да размениме аргументи. Тоа што најмногу ми смета, една од работите што многу ми смета во овие 18 месеци е што навистина фали една дебата во која што ќе ги размениме аргументите, наместо да дофрлуваме едни на други, јас тука не се исклучувам кога расправаме за некоја тема. Се разбира, во дел од дискусијата ќе се сложам, во дел од дискусијата нема да се сложам со господинот Спасеновски и затоа ќе акцентирам некои работи од неговата дискусија. Тоа го кажа и господинот Оровчанец.

Значи, Болоњскиот процес апсолутно нема врска со начинот како ќе се избира ректор. Тој зборува за интегриран универзитет со сите предности и мани, концепти, принципи како се оснива. Правното дефинирање на универзитетот, самостојноста, одлучувањето итн., но нема врска со начинот на избор на ректор.

Второ, не се сложувам со тенденцијата дека зборувајќи овде за партизација ќе дадеме лоша слика за тоа какво ни е образованието. Полоша слика за тоа какво ни е образованието нема од кампањата што ја води Владата: знаењето е сила, знаењето е моќ, со реченицата на господинот Милчо Манчевски што го зеле за промотор каде што вели, бидејќи немав врски, не се запишав на факултет. Поголема контра продуктивност во една кампања нема. Јас не верувам и убеден сум дека е така и дека сите што се запишале на универзитетот, се запишале на филмски уметности или на драмски уметности, се запишале затоа што имале врски кај Љубиша Георгиевски, или кај Милчин, или кај компанија. Не, мислам дека вределе и за тоа се запишале. Самата Влада пишува реченица во кампањата, бидејќи немав врски, не се запишав. А Фулбрајтова стипендија му дал друг. Така се создава негативна слика за образованието. Не знам, министерот денеска дали беше на прославата на Денот на знаењето за кое што сеуште не добивме одговор и одговорот на премиерот што денес го читав на МИА, доколку се разбира МИА не го корегира говорот како што вчера го корегира говорот на премиерот. Не разбрав што е 21 февруари, дали е тоа денот кога првата 7 ја добил премиерот после шест 6-ки. Кој е тој датум што влегува во датумот за знаењето, 21 февруари? Зарем немаме македонски производ, еве професорот Лазаров ќе се сети, има серија на пронајдоци, не зборувам за други факултети, ќе го земам неговиот пример, кои што имаат право легитимно тој ден да биде ден на знаењето, ден на технолошкиот развој, ден на промоција на високото образование. Го измислуваме денот, бидејќи така ни доаѓа во кампањата, така доаѓа, пијарот му кажал на премиерот. И место денес кога целата јавност очекува премиерот да зборува за друго, тој

денеска повторно зборува за 100 илјади компјутери што ги нема.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Макрадули, ова е сепак за пратенички прашања.

**Јани Макрадули:** Спасеноски зборуваше за кампања.

**Љубиша Георгиевски:** Да, но беше ја промашил темата.

**Јани Макрадули:** Ама вие не го прекинавте. Прв пат во животот чекаме некој од ВМРО ДПМНЕ да каже и сега ние немаме право. Затоа овој амандман го поддржувам. Дадовме и сличен амандман да спречи два упади. Еден политички, еден бизнис упад на универзитетите, пред се на Кирил и Методиј. Со оваа промоција на 21 февруари Владата го поништува 24 мај како ден на сесловенските просветители и ден поврзан со знаењето во Република Македонија, уништувајќи го Св. Кирил и Методиј Универзитетот го уништува историски датум во Република Македонија. 24 мај сите знаат дека е поврзан и со знаењето како ден на сесловенските просветители, но ден поврзан со знаењето и кога не се работи, кога се прославува знаењето во сите образовни институции во Република Македонија. И прави слика дека нешто може да се промени, а дека овој член, или овој став во овој член е поставен директно од господинот министер за финансии Трајко Славески. Го потврди и вчера, ова е официјален извештај од Министерството за финансии за распределбата на ваучерите на апсолвентите. Сите универзитети се викаат со своето име и презиме, само имаме ректорат Скопје. Каде се распределувани тие ваучери? Каде е тоа ректорат Скопје? Врз база на која причина е тоа дадено сега што можеби и тоа е во услови кога некој сака да го оспори името, ние самите Универзитетот Св. Кирил и Метоиј си го крстиме, сами? Владата, ректорат Скопје. Па кој му дал право. Не добил стан на времето од Економски факултет и сега сите треба да патиме за тоа? И овој амандман што го даваме е да го спречи политичкиот упад.

Втората причина зошто реков, е бизнис упадот и опасноста од бизнис упади. Денеска медиумите пишуваат она што и вчера јас го напоменав. Од еден приватен универзитет шест професори и асистенти си заминаа од групата за информатика, заминаа на друг приватен универзитет. Сега тој приватниот универзитет, првиот што ќе прави? Ќе мора своите амбиции претседателски бидејќи ги има, нели ги тестира ВМРО ДПМНЕ во своите анкети, да си ги надокнади со втората амбиција да си биде ректор. Каде ќе биде ректор? На Св. Кирил и Методиј. Тоа ќе го направи, ќе упадне на Кирил и Методиј, ама тоа не е само ректорот нема да заврши. За жал, има еден член 54 што зборува дека ректорот избира и разрешува декани. Па тогаш, господине Лазаров наместо од личниот Ќосевски вашиот декан, или пак Данев доаен на деканите во Република Македонија ќе ви го избере можеби Анѓушев, затоа што увезува струја во Македонија шаком и капом. И тогаш ќе стане декан на Машински факултет и тогаш ќе се чудиме каде е вашата одговорност тогаш и оние што ќе бидат декани избрани од ректор кој што дошол заради бизнис интереси овде, заради неостварени амбиции свои на својот приватен универзитет, бидејќи му пропаднал. И тоа е втората опасност бизнис упадот што овие амандмани што се дадени се обид да се спречи тоа. Ако стои реченицата, начинот, изборот и разрешување на ректорот поблиску се уредува со статутот на универзитетот, ако не му смета на Александар Спасеноски, па ајде да го прифатите тоа, ќе заврши расправата денеска за 15 минути. Тоа е она што можеме ние да го правиме како опозиција и во овој момент и луѓе што ја поддржуваат и Владата, пратеници. Значи, тука немаме дилема. Се обидуваме да одбраниме политички и бизнис упад можен во универзитетите. И за тоа ги даваме нашите аргументи. Не се решава автономијата или знаењето не се решава со потпис и мисли денес на ѕидот на знаењето што го потпишувал Груевски и компанијата министри. Виделе во Косово како се потпишуваат на ѕид, сега зедоа и нашите да се потпишуваат. Барем нешто да смислија инвентивно, не на Република по 400 илјади евра за џабе да им давате. Да смислат нешто ново, а не што го виделе некни во Косово. Смислете нешто ново, ако сакате да го промовирате знаењето. И вака ќе ни се случи ректор некој од надвор, ама реков, тука не се завршува работата. Ќе почне да си ги бира и разрешува деканите. Ќе направи хаос во образовниот процес, ќе избираат декани кои што природно ја немаат поддршката на факултетите, кои што се знае кој што направил за некој факултет. Си има традиција. Тој го бира прочитајте го членот. Член 54: избира и разрешува декан. Затоа е нашата загриженост, затоа ако сакаме да го цениме знаењето, ако сакаме да ја цениме автономијата, не го прифативте амандманот предложен од пратеници од СДСМ. Има шанса парламентарното мнозинство да гласа за амандманите на Оровчанец, на Додовски и Валентина Божиновска и на тој начин да се ставиме како Собрание во одбрана на уставната загарантираност на автономијата на универзитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека треба Владата да се замисли како ги да ва парите на кампања која што претежно е за перење на пари, образованието е моќ, бидејќи во моментов кога се носи многу сериозен и важен закон, а тоа е Законот за високо обрзование во салата има повеќе пратеници на опозицијата отколку на ВМРО ДПМНЕ. И тоа го покажува интересот на оваа најбројна, или владеачка партија во овој законодавен дом за образованието. По битно им е на пола пратенички од ВМРО ДПМНЕ и пратеници да одат во ГТЦ отколку да разговараат за закон за високо образование. Може да ги погледнете, ако им

наредите на камерите да видат колку во моментов има претставници на ВМРО ДПМНЕ. Па дури од тие присутни се одважи, можеби затоа што доаѓа од таа фела да говори колегата Спасеноски кого го почитувам, што покажува дека во ВМРО ДПМНЕ апсолутно нема интерес дури ни да се разговара за Законот за високо образование, што лошо, што е лажно и што ја одразува хипокризијата на 400 илјади евра, ако е толку дадено за кампањата: образованието е моќ. Нема да се повторувам со другите експерти и пратеници кои што говореа дека тешко на таа нација во која што за образование се разговара спиејќи. Тогаш, дефинитивно е утнат концептот. Ама мислам дека кога некој, не некој, бидејќи не ми беше одговорено на моето и на останатите колеги пратеници на прашањето, дали Трајко Славески на седница на Влада го корегираше предлогот на Министерството за образование и наука и го стави овој амандман, ќе сфатам дека тоа е факт, тоа е аксиома и веќе нема ни потреба да се докажува. Затоа јас го разбирам господинот Јован Лазаров кој што одлучува да молчи, мислам дека не верува ни тој во тоа. Ама ние имаме генерален проблем. И објаснувањето дека со самото тоа што Законот е поминат на Влада, тој станал закон на Влада. Апсолутно не држи, бидејќи јас не верувам господине Лазаров дека вие, или Рушити, или Спасеноски, или не знам кој друг министер се мешате во Законот за култура. Не верувам во таква работа. Не верувам, дека министерот така наречен за информатика учествува во пишувањето на Законот за употреба на јазиците во Република Македонија. И тоа е логично, Така и треба. Затоа и постои Министерство за образование. Ајде да ги укинеме по оваа ваша логика министерствата, ќе се соберете на Влада, секој ќе си каже по три-четири работи, ќе направите еден комплекс на закон од лепенки и различни ставови и ќе ни го доставите во Собранието. И затоа имаме ваква ситуација. Но, што покажува тоа? Дека во подготвувањето и во бранењето на многу сериозен закон, ние се водиме единствено од личните мотиви и интереси на поединци минисри. Другите не ги ни интересира. Другите велат, истерајте ја оваа работа, сме ви го дале текстот, имаме тука математика, ќе треба да гласаме и ВМРО ДПМНЕ ќе ги подржи решенијата на Владата. Не ги ни прочитале. Не можам да си објаснам зошто толку инсистирате да се донесе вакво законско решение, ректорот да не доаѓа потенцијално од домицилната високо образовна институција. Каде го има тоа? Велите, сакаме менаџерски пристап. Се извинувам, ова е државен универзитет, ова не е приватен. На приватните универзитети на кои што исто така не смее да им биде дозволено да прават се што сакаат, но во исто време имаат поголема слобода во тоа да одберат кој ќе ги менаџира процесите внатре, бидејќи луѓето одлучуваат да дадат пари и сакаат за тоа да добијат соодветно образование. Дали е тоа така, или не, тоа е друга дебата. Ама во делот на државните универзитети кои што ги основа Собранието, парите ги даваат граѓаните. И апсолутно не е сеедно дали некоја политичка партија, или некој поединец ќе сака да инсталира своја испостава како ректор. И не е само оваа алинеја, или овој дел од ставот. Говореше колегата Макрадули. Овој потенцијално ректор кој што веќе расчистивме дека немате намера да биде странец, тоа ви беше само заради јавноста, утре ќе избира и ќе разрешува декани. Тоа е главната работа. Тоа е главното оружје на таа личност.

Второ, не ми одговоривте господине Лазаров, дали е точна шпекулацијата која што се почесто се зборува на Универзитетот, дека ќе измените понатаму и некои други одредби и ректорот ќе биде тој кој што ќе дава решение за вработување на факултетите. И тоа е уште една употребна моќ. Не знам дали ќе биде така? Јас само велам тоа што се говори. Дајте сега да ги расчистиме тие работи, бидејќи ако само ставите решение кое што дури не се ни обидувате да го браните, притоа му се доделат и други овластувања, во блага смисла речено, ние ќе создадеме не упад, туку ние ќе го растуриме системот на државните универзитети на сличен начин како што тоа се случи на Клиничкиот центар во Скопје, па концепти кои што важеле 20-30 години и сите се научиле да работат по нив, ќе ги менуваме сосема од корен. Зошто? Бидејќи некој така проценил. Инаку, господине Лазаров јас во име на СДСМ ви дадов ветување, не на вас лично, на владеачкото мнозинство, кога ќе дојде следната влада ова решение ќе го смени. Ама зошто да се доведуваме во ситуација вакви суштински закони да ги менуваме во зависност од тоа кој е на власт, односно не ја искористуваме можноста заеднички да се договориме за работа која што апсолутно треба да биде што е можно подалеку од партиите.

Во овој момент ние говориме за политика, ама зборуваме за образовна политика, не зборуваме за партиска политика во образованието. Да ги разграничиме тие две работи. На таков начин вие директно ни ставате до знаење дека не ве интересира кои се реалните аргументи, не ве интересира вистината, ама морате да спроведете нечија агенда. Консеквентни како Влада во тој концепт, можеби не сите партии во Владата се согласуваат, ама концептот на упади во сите ситеми на општеството вие го правите. Следно е Лекарската комора. Дали ќе ви биде Жан Митрев или еден од првата петорка на ВМРО-ДПМНЕ Шиколе не знам, ќе видиме. Се обидовте со фудбалската федерација, се обидовте со останатите федерации, со Сашо Митрев го спакувавте Штипскиот универзитет и каде е крајот. Вие на тој начин давате легитимно право на сите што ќе дојдат после вас да го направат истото, што не е добро, што апсолутно не ни е потребно. Не можам да разберам зошто толкаво инсистирање и толкав инат, ако можеме да говориме за инат, освен ако некој нема направено сериозно математика и есап. Тој не сте вие, тој не е ни министерот за образование, за кој што ќе видиме дали ќе остане министер за образование, можеби ќе раководи некоја друга сфера. Тој во

овој момент по некои ситуации и информации кои што претставниците на ВМРО-ДПМНЕ ни ги соопштуваат, ние не сме во Владата па на гравчиња да гледаме од надвор што се случува. Членовите на ВМРО-ДПМНЕ велат ова решение инсистираше да се донесе Трајко Славески. Јас навистина сакам со него да полиризирам зошто тој на тоа инсистирал, што му е образложението, што застапува, што му е крајната цел. Јас имам свое објаснување на тоа, ама можеби ми е грешно. Затоа, господине претседателе, пак ќе упатам процедурална забелешка до вас, бидејќи стана факт кој што не е демантиран дека Трајко Славески интервенира во овој закон, што согласно статутот на Владата и објаснувањата е легитимно, ама политички е проблематично, најдобро можеме да го поканиме и него да полимизираме за овие решенија, бидејќи над два пати господинот Лазаров и господинот Сулејман Рушити се потпишале на законско решение во кој што дел од овој амандман не постоел. Значи тие не стојат зад овој амандман, стои некој друг. Тој некој друг има можеби вакви или онакви, но во секој случај мотиви тоа да го предлага. Ајде да го поканиме да поразговараме. Истиот оној кој што го основал Универзитетот Св. Кирил и Методиј каде што го вадел лебот до сега со ректорат, што е недозволиво. Да човек, професор што доаѓа од таа високообразовна институција самиот си ја дерогира во името. Може да замислам што понатаму ќе први со неа. И апсолутно е легитимно да видиме и да ги прашаме министрите, можеби за тоа ќе разговараме на пратеничките прашања. Чии интереси застапуваат министрите. Јас не велам да го фаворизираат Државниот универзитет Св. Кирил и Методиј, ама не можам да очекувам истиот да го уништуваат. Не ми е објасниво. Бидејќи немаат кај да се вратат освен ако нема некој резервен план. Тоа е нивна лична определба. Затоа господине министре, ако вие не сте во можност, заменику минстер се извинувам, не сте во можност лично да прифатите ваков амандман кој што за нас е апсолутно логичен тогаш ве молиме консултирајте се во Владата. Вратете се назад, прашајте ги оние кои што влијаеле за донесување, денеска беше Груевски на некоја манифестација токму на Универзитетот, консултирајте се со него, тој нема големо искуство на Универзитетот Св. Кирил и Методиј ама не значи дека за него не може да донесува паметни решенија. Овој момент тој заедно со вас предложил лошо решение во еден дел на законот и бараме да го исправиме. Не збориме дека Законот нема да се донесе, напротив ќе го подржиме Законот за високо образование, ама не во ваква форма. И сега ако мислите да ни ја тестирате кондицијата за говорење и за инсистирање на ново решение можеме да се провериме, ама мислам дека вас ќе ви требаат стероиди не нас, бидејќи сме директно убедени дека ова решение треба да се промени и ќе разговараме денеска до 14,00 часот и по 14,00 часот, жалиме што сме доведени во ситуација кога се случуваат историски и крупни моменти на државата ние да сме доведени во ситуација три дена по ред да разговараме за еден амандман. Не е проблемот кај нас господине Лазаров верувајте. Не е ни кај вас лично, проблемот е кај некој друг. И апелираме заеднички да го промениме тоа, инаетот е кај вас, незнаењето е кај вас и жлебата воопшто ниту да помислите да разговарате со нас и да полимизирате. Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ молчат. Збор не кажаа, а се фалат дека спроведувале кампањи “Образованието е моќ”. Вие го направивте “Образованието е молчење”, а молчењето е злато, а златото е елемент скапоцен. Се извинувам, златото во таа смисла на ВМРО-ДПМНЕ е фотелја пратеничка. Благодарам на сугестијата и ако така мислите да водите држава краток е рокот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега за реплика се јави господин Цветко Грозданов, повелете вашите три минути.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

На почетокот една мала забелешка дека дозволувате да се спомнуваат иднина на министри кои денеска и не се присутни тука и кои што не работат во сферата на образованието и излегуваат надвор од она што требаше да се зборува по амандманот.

За стероидите нека ги користи СДС ние ВМРО-ДПМНЕ повеќе практицираме здрава храна, а тие можат да се колкаат колку сакаат со стероиди. Сега ми е јасно зошто во СДС имаа толку помлади асистенти иако нивните години навршуваат веќе над 40 и нивниот говор околу амандманот беше идентичен на сите оние кои претходно се јавија како помлади асистенти.

Она што би сакал да напомна е дека извртувањето на тезите во однос на Законот за високо образование, на крајот на краиштата дава едно видување дека социјалдемократите упорно протежираат само една нивна теза без она, иако кажуваат дека се спремни за одредени зборувања, поточно за одредени дискусии или дебати со ВМРО-ДПМНЕ. Јас ќе напомнам само извртувањето на тезата и во членот 63 во кој што една од точките укажува дека надлежностите на наставно-научниот совет и наставничкиот совет утврдува еден или повеќе кандидати за декан односно директор и му ги доставува на ректорот на Универзитетот. Тоа значи дека институцијата факултет е максимално испочитувана и дека наставно-научниот совет и советот при факултетите даваат нивни кандидати кои сметаат дека можат да одговорат на барањето или позицијата декан на факултет. Од овој еден или повеќе предлози кои што го дава наставно-научниот совет или наставничкиот совет ректорот е оној кој што ќе избере еден со тоа што директно и одговорноста на работењето на факултетите ја превзема ректорот на универзитетот. Доколку имаме она што беше и во социјализмот можност на избор на само наставно-научниот совет, а не од еден човек тогаш се расплинува одговорноста и тогаш деканот на Универзитетот не може да одговара пред никој други освен пред оние кои го

назначиле, а тоа е наставно-научниот совет или советот при факултетот што на крајот на краиштата и одговорноста нема никаде да се види. Затоа сметам дека овој амандман не треба да се подржи од причина што одговорноста деканот директно ќе му ја дава на ректорот на Универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, господин Ивановски има контра реплика една минута, повелете.

**Игор Ивановски:** Да господине претседателе.

Тоа што Цветко Грозданов во континуитет се јавува да реплицира и да говори за овој закон ја потврдува тезата дека ВМРО-ДПМНЕ задолжува да брани Закон за високо образование во стилот на речникот на господинот Цветко Грозданов наставник по физичко образование. Сега, ако сакаме да бидеме како нив, а не можеме и не знаеме, ќе образложам како тоа господинот Цветко Грозданов ќе може да образложува Закон за високо образование, ама нема тоа да го кажам. А, за тоа господине Цветко Грозданов што вие сакате да го омаловажувате, а не можете дури и да се трудите толку пратениците од СДСМ, ќе се договориме на секое бранење на магистарска теза или докторат вие да бидете претставници, ќе ви ги доставуваме книгите, нормално со преведувач за да можете да ги разберете.

На крајот, господине Цветко Грозданов, за степенот на образованието говори тоа што кога вие читате спремни реплики од студенти на 30 години кои ви се во раководството на партијата. Од тука повеќе господине Цветко Грозданов, нема никој да ви помогне.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Јас не би се повторувал во мојата дискусија во најголем дел од пратениците со кој се согласувам, не би навлегувал во никакви персонални решенија или комбинаторики по евентуалното ваков усвојување на ова законско решение за законот на високото образование, меѓутоа претседателе, се извинувам, доколку може да воспоставите ред за да може седницата да има еден нормален тек. Ако има потреба од координација можеме да направиме пауза од 5 минути па да продолжиме.

**Љубиша Георгиевски:** Цело време се трудам да воспоставам некој ред, но верувајте ми дека тоа е тешко.

**Марјан Додовски:** Благодарам.

Јас би сакал да се осврнам на неколку работи околу оправданоста на овој амандман на кој сум јас лично потпишан. Доколку овој амандман што го имаме поднесено се спореди само со една алинеа од членот 2 на овој Закон, поимникот каде што јасно пишува Автономија на Универзитет опфаќа академска слобода, самостојно одлучување и управување и неповредливост на универзитетскиот простор. Со ваково решение кое што сега го имаме во овој член и неприфаќањето на овој амандман, автоматски значи дека ние имаме упад во автономијата на Универзитетот. Тука јас би го тргнал на страна Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Имаме и други универзитети. Патем речено ако говориме за мислењето на стручната и универзтитеската јавност подршката на овој амандман е обезбедена не само на Универзитетот Св. Кирил и Методиј туку и на Тетовскиот универзитет. Сега, што се случува? Со едно вакво решение каква ситуација можеме да имаме. Еве, ќе се вратам наназад од одредено време, имаме можност да читаме колкумни по весниците и одеднаш за одредени личности гледаме дека пишува доктор на науки. За многу од тие што ги пишуваат тие колумни текстовите нема да ги коментирам, меѓутоа ја гледаме титулата доктор на науки. Се прашувам како овие луѓе дошле до титула доктор на науки кога знам дека пред една година или две едвај завршија факултет. Откога ќе го добијам решеницето како стигнале до доктори на науки, тие исти доктори на науки со еден ваков модел на решавање на овој закон можат утре да станат стечајни управници и на Св. Кирил и Методиј, на Тетовскиот универзитет и на другите универзитети. Од таа причина треба да биде прифатлив овој амандман и ова решение. И, што се случува? Утре тие ректори ќе ја водат и ќе ја кројат целата политика на Универзитетот, во изборот на декан и се она што се нарекува понатаму раководење со Универзитетот по негов терк. Ќе се донесува и статутот на Универзитетот и едноставно ќе можат да се прават сите комбинаторики, не навлегувајќи во партиски и политички комбинации, вакво решение какво што сега го имаме понудено, верувајте е неодржливо. Можеби ќе помине и од кога ќе помине се плашам дека после неколку месеци повторно ќе се доведеме до една ваква ситуација да дискутираме за одлука на Уставен суд или да дискутираме за едно ново предлог решение за измени и дополнувања на Законот за високо образование. Од таа причина сметам дека овој амандман треба да биде прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Шутаров Васко има реплика од три минути, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, колешки и колеги.

Навистина не можам да се сложам и после третиот ден на расправата дека членот 53 ја дерогира авотономијата на универзитетите и тезите се навистина до крај изместени. Ова е така речи крај на една лабава конфедерација на факултети во рамки на Универзитетот. Интенцијата на овој Закон е интегриран универзитет. Болоњскиот процес убаво ја дефинира автономијата на Универзитетот, што е се уште за нас мисловна именка. Тоа ќе го прочитам. “Морална и интелектуална независност од политичките авторитети и економијата”. Кажете ми кој тоа. Нашиот универзитет може да се

пофали со оваа констатација дека и досега имале морална и политичка независност со политичките авторитети и економската независност. Малку се тие универзитети во светот како римскиот Власа Пиенца кој што може да му откаже гостопринство на Папата Бенедикт 16, да не ја отвори академската година 2007. Или на американскиот Колумнио универзитет на кој што и покрај сите протести гостуваше иранскиот претседател на државата. Со таков морален кредибилитет, со таков степен на академска слобода можат да се пофалат светските универзитети или имаат економска независност како Оксфорд и Кембриџ кои што остануваат надвор од Болоњскиот процес. Или имаат друг кредибилитет. Јас се понадевав дека во оваа дискусија поврзана со членот 53 ќе зборуваме за културата, за квалитетот на студиите, за ефикасноста на студирањето, за новиот систем на односи кои што ќе се појавува на Универзитетот, па и за системот супстидуарност што го спомна колегата, а што е неминовен процес за дијалог во интегрираниот универзитет. Ова е крај на една концепција која што влече корени уште од самоуправувањето на Стипе Шувар и тоа мораме да го кажеме гласно и јасно. Се напушта една лабава универзитетска конфедерација, во која што деканите беа богови на факултетот. Се дава примат на една улога на ректор на Универзитетот, со кој што мора сите транзициони земји да се носат со реформите на образованието. Некаде ректорот ќе биде раководител или управник или деловен прв човек како што е дефиниран во мамутски организации од 10 илјади вработени заедно со студентите. И со таа улога мора да се носи и ингеренциите мора да му бидат поголеми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Марјан Додовски, контра реплика, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам краток. Јас не сакам да спорам за квалитетни или неквалитетни универзитетски професори, во моето излагање јас кажав, се имаме сретнато со ситуации каде што одредени личности од нашата држава носат титули на доктори на науки, каде што и покрај регуларноста на титулата доктор што ја имаат, суштината е сосема поинаква. Ако говориме за автономија, јас нема ништо да измислувам, туку само овој закон кој го имаме пред нас ќе го прочитам она што го кажав претходно. Членот 2 од поимникот што е автономија на Универзитет, значи автономија на Универзитет опфаќа академска слобода, самостојно одлучување и управување и неповредливост на универзитетите во просторот, ништо повеќе, а сето тоа е дообјаснето во член 17. Значи нема ништо спорно, а со вакво решение какво што го имаме, верувајте ќе имаме ситуација на нови стечајни управници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Ќе обидам во завршницата на расправата да го охрабрам заменик министерот да ја искористи паузата да се направи напор да биде прифатен овој амандман. Дефинитивно и по последната дискусија на колегата Додовски одпаѓаат било какви аргументи за калкулирање, уште повеќе што со дискусијата на господинот Спасеноски, кој сега неформално се обиде да ја даде подршката на нашите напори, но не го кажа тоа гласно од говорницата. Станува јасно дека овој амандман ќе го одглави донесувањето на Законот за високо образование за кој сите се сложуваме дека ни е потребен. Убедени сме дека има скриени мотиви, не само заради тоа што има огромни ингеренции ректорот на Универзитетот, изборот на декани, околу тоа што неприродни тука имавме амандмани, ќе претседава со Сенатот. Гледаме и ние овде, не е само на овој собир, каде што претседателот е прв меѓу еднаквите, со самите тоа што ректорот ќе претседава со Сенатот, ќе дава тон на работата.

Сега да се договриме отворено, заменик министер, се се врти околу парите. Битно е да влезе со свој кадар оваа власт или некоја идна власт на ректорското место затоа што ја креира и политиката на упис. Уписната политика во овој момент е рак рана за некои приватни универзитети кои не можат да издржат конкуренција. Ќе направат се. Еве хипотетички говориме, вие да бидете во позиција да бидете ректор. Тргнувајќи од вашите партиски интереси, бидејќи имате една приватна институција која застанува отворено зад вас, ќе имате интерес. Најмалку 200 студенти помалку да се запишат на Економскиот факултет во просек 1000 колку што запишуваат, 150 помалку на Правниот факултет и таму во просек запишуваа 800-900, 50 да има помалку на Електро факултетот и уште нека бидат помалку 100 на Медицинскиот факултет, зборувам за најатрактивните и уште 100 ставете на Филозовскиот и Филолошкиот тоа во бројка ќе изнесува 600 студенти. Но, потенцијален трансфер на средства во приватните високо-образовни институции се брои во милиони. Пресметајте дека секој вреди 2000 евра. Станува збор за милион до милион ипол евра целата битка зошто е ставено ова решение е токму тоа, само за една година.

Сега имаше таков обид да се направи на Правниот факултет оваа година со притисок, но се виде, бидејќи автономијата е загарантирана не помина на ректорската управа или на Сенатот. 200 студенти помалку 400 илјади евра не толку кај нашиот колега кој до сега игра многу покоректно и по фер, тој е еден од основачите меѓу нас и се чудам зошто не ја следи најмногу од сите заинтересиран е еден од основачите, тоа е колегата Фијат Цаноски, но не е тука. Условно речено на приватните универзитети се почисти работите, но тенденцијата преку раководењето на универзитетите да се креира кадровската политика, како што ви реков има искомплексирани и исфрустрирани меѓу нас кои тврдат знаеме како се злоупотребуваат разно разни институти, па на

мала врата да се влезе со академски титули или ова што ја кажуваат приказната ќе отиде некој на страна и ќе рече јас не можев да станам наставник или професор кај некој овде затоа што немав врски. Нема блага врска со тоа што говориме. Знаеме дека на сите овие 18 да им ги погледнете досиеата просекот им е над 8,5 - 9, некои имаат 9,5, говориме за колегите. Не може случајно некој да влезе да биде дел од таа академска заедница.

Во таква атмосфера ние стравуваме дека ќе се направи упад. Прво, упадот велиме ќе биде сериозен во креирањето на кадровската политика и ви кажувам посериозниот упад сето ова има лукративен момент. Ќе се загрози автономијата со тоа што генерално, вие знаете, иако сме државни универзитети дел од факултетите имаат самофинансирање како дополнителен извор кој ги зацврстува овие високо-образовни институции. Ако се трансферира тоа, грубо ви ја направив проценката, ова е минимум, инаку мислам дека ќе се оди многу погрубо и целата оваа работа, уште еднаш потврдувам, дека можеме да ја премостиме со тоа што колегите од ВМРО-ДПМНЕ би направиле консултација, бидејќи очигледно дека некои од нивните министри е предлагач на сето ова. Ве доведов и вас во непријатна ситуација, но и ние во овој момент сме решени да го браниме овој амандман. Сметаме дека колегите Додовски, Оровчанец и колешката Валентина Божиновска имаат најбенигна варијанта да си остане старото решение. Вие тврдите дека до сега не било забрането. Добро, се согласувам. Сето она што експлицитно не е забрането е дозволено, но немојте на овој начин да ни телефонирате што смета власта да прави.

Уште еднаш предлогот на колегите го сметам како компромисен, многу разумен и кој ќе даде посебен прилог во оваа атмосфера која се создава околу Македонија воопшто. Ова е само нус продукт на исчекувањето, грозничавото исчекување во кое се наоѓа Македонија. Еден добар сигнал каде можат да најдат заеднички јазик позицијата и опозицијата. Мислам дека ќе ги охрабри, условно речено, четирите лидери да водат сметка дека во краен случај Собранието го презентира народот. Ние овде гласаме во името на народот и верувам дека ќе имаме можност и за други теми не само за ова вака трезвено со аргументи да разговараме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи господинот Никола Ќуркчиев не е тука, повелете господине Герамитчиоски имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Јас ќе бидам краток.

Поттикнат од ова што колегата Васко Шутаров го кажа нема воопшто врска со ова решение ниту амандманот. За тоа какви ингеренции има ректорот дали последниот бастион со рушење на правниот субјективитет на факултетите низ Универзитетот е зајакнат, ингеренциите на ректорот, тоа е друга тема, за тоа ќе дискутираме по наредните амандмани.

Само за ваше потсетување, да се подготвите, во нашата држава со ова правно уредување не постои институција која ќе има толку поголеми права како ректорот без да биде контролиран од било која друга институција. Или да ви преведам, може да го крши Законот колку што сака, а тоа ќе ви го докажам со примери, ако сакате, а да не одговара на никого ниту да биде санкциониран за тоа. Ние имавме Информација за случувањата на Битолскиот универзитет која, за жал, не сакавте да ја поставите како точка на дневен ред на која ќе се дискутира, беше точка 27. Застана до неа, мислам на точката и никогаш не дискутиравме. Со таа Информација сакавме да ви докажеме како ректорот може перманентно да го крши Законот со факти, со цитирање на членови од Законот каде го прекршил. Инспекторатот да го утврди тоа и тој пак да не одговара.

Во старото решение на Законот, јас сфаќам што сакате да кажете, редно е ние да созрееме во рамките на оние светски и европски трендови, но, за жал, практиката на практицирање на власта во Република Македонија не дава некоја отворена можност да се пристапи во овој момент кон тие европски и светски трендови.

Овој амандман сака да избрише нешто кое е непотребно. Создава сомнеж кај сите нас. Со самиот факт што премолчено го браните и го бранат ни потврдува дека има задни намери. За мене нема ништо спорно повеќе, бидејќи еве ги убедувам и другите колеги пратеници дека и до сега јас како редовен професор на “Св. Климент Охридски”- Битола можев да конкурирам на Универзитетот “Кирил и Методиј” и доколку Сенатот ме избереше ќе бев ректор и со старото решение. Со самиот факт што е вметната оваа реченица се сака да се вулгаризира Законот.

Да не ја ширам дебатата, сум бил еден од создавачите на некои од верзиите. Сум учествувал во расправиите на експертско ниво на кое е дадено зелено светло на решенијата. Не гледам некоја правна основа, па било сите експерти од правните факултети во Република Македонија да ги донесете, сите со извонредна адвокатска и судска кариера нека кажат што има правна подлога во оваа реченица. Зошто воопшто постои ако нема некоја задна намера. Зошто толку тврдоглаво се брани? Ние упорно ви фрламе ракавица и ви велиме избришете ја реченицата и се е о кеј, ама тоа е клучот на вулгаризација на Законот.

Ви кажаа и другите говорници претходната верзија за еден ден ќе ја поминевме. Се ветуваа четири одредби од кои страв да те фати не како универзитетски професор, туку како интелектуалец што има намера оваа власт да прави во високото образование? На дело има безброј примери и ние ќе ги дебатираме и кажуваме, барем јавноста нека знае и нека цени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Давам прекид за ручек до 15,02 часот. Благодарам.

(По паузата за ручек седницата продолжи во 16,00 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе продлжиме со работа.

(Пауза)

Колеги пратеници, со оглед на тоа што не се создадоа услови за работа поради недоволниот број пратеници овде ја прекинувам денешната седница на Собранието.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот со истата седница.

(Седницата прекина со работа во 16,12 часот)